# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# PROGRAMI PËR PUNË
# ANNUAL PLAN OF ACTION






# 2022

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 3 |
| СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 2030 | 4 |
| ПРИОРИТЕТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ ВО 2022 ГОДИНА | 4 |
| ВОСПОСТАВУВАЊЕ ОДРЖЛИВИ ПАРТНЕРСТВА | 6 |
| КЛИМАТСКА КРИЗА И КРИЗНА СОСТОЈБА ПОВРЗАНА СО НАШАТА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | 7 |
| ЗАЧЕСТЕНОСТ НА КРИЗИ И КАТАСТРОФИ | 8 |
| РАСТЕЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНАТА СФЕРА | 10 |
| ЗДРАВСТВЕНО – ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ | 10 |
| КРВОДАРИТЕЛСТВО | 12 |
| ПРВА ПОМОШ | 14 |
| ПСИХОЛОШКА ПРВА ПОМОШ – ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА | 16 |
| СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ | 18 |
| ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИ ПАРТНЕРСТВА И МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ | 20 |
| МИГРАЦИИТЕ КАКО ХУМАНИТАРЕН ИМПЕРАТИВ | 22 |
| ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ И ВКЛУЧЕНОСТ, И ПРОМОЦИЈА НА МХП | 23 |
| РАЗВОЈНИ ПРИСТАПИ | 24 |
| НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО КАКО СИЛЕН И ЕФЕКТИВЕН ЧИНИТЕЛ ВО ДРЖАВАТА | 24 |
| ДОВЕРБА И ОДГОВОРНОСТ | 25 |
| ИНСПИРИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРСТВО И ЧЛЕНСТВО | 26 |
| ЕФЕКТИВНА ФУНКЦИОНАЛНА МРЕЖА | 28 |
| ДИГИТАЛНО ТРАНСФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ | 29 |
| ФИНАНСИРАЊЕ | 30 |
| ПАНЕЛ ДИСКУСИИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ | 31 |
| БУЏЕТ | 32 |


Користени кратенки

Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на РСМ
Република Северна Македонија - РСМ
Општинска Организација на Црвен крст – ООЦК
Црвен крст на град Скопје – ЦКГ Скопје
Прва Помош - ПП
Психолошка Прва Помош - ППП
Психо-Социјална Поддршка - ПСП
Дирекција за заштита и спасување - ДЗС
Центар за управување со кризи - ЦУК
Армија на Република Северна Македонија - АРМС
Министерство за внатрешни работи - МВР
Црвен крст во Акција - Промоција на Хумани Вредности - ЦКА - ПХВ

# ВОВЕД

Денес несомнено работата на Црвениот крст на РСМ е порелевантна и попотребна од било кога. Продолжуваме со обезбедување на активности и услуги во согласност со нашата мисија и мандат и основните принципи на Движењето. Постојано учиме од минатото, за да бидеме подготвени за иднината, да бидеме подобри и поуспешни, секогаш во служба на нашите корисници на услуги.

Еден од најголемите предизвици во општественото опкружување и годинава продолжува да биде справување со последиците од пандемијата предизвикана од КОВИД-19 што секако наложува значителен дел од нашите ресурси да бидат насочени кон ублажување на последиците и обезбедување на поддршка за различни целни категории за промовирање на здравјето на луѓето. Нашиот фокус исто така останува на справување со катастрофите, климатските промени и еколошките последици кои ни наложуваат сите заедно да се обединиме и да преземаме сеопфатни итни активности за адаптирање на новонастанати ризици од климатски промени за да обезбедиме заштита на животното опкружување и поддршка за луѓето да се прилагодат и справат со предизвиците.

Се надеваме дека и понатаму ќе да бидеме лидери на полето на доброволното крводарителство и првата помош, промовирање на навики за здраво живеење, промовирање на волонтерството, дисеминирање на хуманите вредности и меѓународното хуманитарно право, обезбедување на поддршка за мигрантите, бездомниците и други социјално погодени групи во државата и анимирање и поддршка на младите и лицата од трето доба. Континуирано ќе работиме на зајакнување на нашата мрежа на општински организации на Црвен крст / ЦКГ Скопје за да може да обезбедиме сеопфатна поддршка и справување со растечките предизвици во локалните заедници.

Оваа наша алатка за планирање го претставува контекстот во кој што работиме, фокусот на нашите активности, резултатите кои зацртавме дека ќе ги оствариме и клучните показатели кои ќе ни преставуваат водилка за успешно реализирање  на нашите цели. Нашата Програма за работа исто така симбилизира покана за соработка со сите заинтересирани партнери, организации и волонтери на Црвениот крст во државата, за вклучување во нашите активности и иницирање нови активности за опфаќање на различни целни групи кои имаат потреба од поддршка и сервисни услуги на Црвениот крст во 2022 година.

Во Програмата за работа на Црвен крст на РСМ ви ги презентираме нашите клучни приоритети за 2022 година, сервисите кои ги нуди нашата организација, партнерите со кои што соработуваме како и нашите очекувања на патот на хуманоста, во обезбедување на помош и поддршка на луѓето, како наш скромен придонес во развој на здраво и похумано општество.





**проф. д-р. Ромел Велев**
**Претседател**

**д-р Саит Саити**
**Генерален секретар**

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 2030

Нашите стратешки цели се во согласност со целите на Стратегијата 2030 на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и се фокусираат на следниве аспекти:

**Цел 1:** Луѓето да може да ги предвидуваат, преживуваат и брзо да закрепнуваат од кризи

**Цел 2:** Луѓето да водат безбеден, здрав, достоинствен живот и да имаат можности да напредуваат

**Цел 3:** Луѓето да се мобилизираат во инклузивни и мирни заедници

## ПРИОРИТЕТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ ВО 2022 ГОДИНА

Приоритетите и оперативниот план и буџет на Црвен крст на РСМ за 2022 година се изготвени врз основа на Стратегијата 2030 на националното друштво со цел да се обезбеди кохерентност и конзистентност во имплементацијата на зацртаните промени во работењето на организацијата. Приоритетите во работењето треба да обезбедат зајакнување на отпорноста на заедницата преку поефикасна подготвеност, ублажување  на последиците од кризни состојби, превенција, рано предупредување и рана акција. Тие исто така повикуваат на преземање на трансформациски промени во начинот на работата на националното друштво, пред се во однос на обезбедување на сеопфатна координација со ООЦК/ЦКГ Скопје и развој на националното друштво.

**01** **ВОСПОСТАВУВАЊЕ ОДРЖЛИВИ ПАРТНЕРСТВА**

**02** **КЛИМАТСКА КРИЗА И КРИЗНА СОСТОЈБА ПОВРЗАНА СО НАШАТА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**03** **ЗАЧЕСТЕНОСТ НА КРИЗИ И КАТАСТРОФИ**

**04** **РАСТЕЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНАТА СФЕРА**

**05** **МИГРАЦИИТЕ КАКО ХУМАНИТАРЕН ИМПЕРАТИВ**

**06** **ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ И ВКЛУЧЕНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА МХП**



# ВОСПОСТАВУВАЊЕ ОДРЖЛИВИ ПАРТНЕРСТВА

**Контекст**

Успешното соочување со предизвиците и остварените резултати во работењето во изминатиот период создадоа позитивни предуслови за продлабочување на соработката со партнерски организации и промовирање на нови иницијативи за уште поголема поддршка на најранливите категории на население. Со постојано обезбедување на поддршка во работата како и заедничко дејствување со релевантните чинители во заедниците, градиме квалитетен и навремен одговор на хуманитарните потреби на населението, активна вклученост, зајакнување на довербата и развој на здраво и безбедно општество. Воспоставената соработка е проследена со отчетно, транспарентно и одговорно имплементирање на заеднички инцијативи поткрепени со мерливи показатели за успешност. Во 2022 година соработката ќе биде насочена кон намалување на ризикот и влијанието од катастрофи и кризи, градење на отпорност на заедниците и обезбедување на основни здравствени и социјални услуги кои им се потребни на населението.

**Фокус**

Уредување на добри практики на соработка со национални и локални институции во државата преку ревидирање на постојни и потпишување на нови договори за соработка и меморандуми за разбирање.

Развивање на постојните и воспоставување на нови билатерални соработки со национални друштва во регионот на локално и национално ниво.

Промовирање на општествена одговорност кај корпоративниот сектор и поттикнување на долгорочна поддршка и активна вклученост.

**Резултат 1.1**

Оперативното и програмското продлабочување на соработката се спроведува преку зацврстен дијалог, проектни и програмски иницијативи и заложби што резултираат со конкретни финансиски поддршки како и овластувања во спроведување на одредени сервиси и обуки за ранливи категории на население.

**Резултат 1.2**

Црвениот крст на РСМ применува пристап на заедничко идентификување на хуманитарните потреби на населението во соработка со локални партнери и подготовка на заеднички акциски планови за обезбедување на навремен и квалитетен одговор на истите.

**Резултат 1.3**

Корпоративниот сектор значително придонесува во активностите кои ги имплементира Црвениот крст и се воспоставуваат практики на заедничко и долгорочно планирање на локално ниво.

**Резултат 1.4**

Црвениот крст на РСМ со партнерските организации од Движењето имплементира билатерални планови за акција на национално и локално ниво.

## 2022 Целни показатели

- 33 Општински организации и Црвен крст на град Скопје имаат ревидирани/потпишани нови договори за соработка и меморандуми за разбирање со локалните самоуправи и институции кои се на нивната територија на дејствување.
- Зајакнати се капацитетите на 33 волонтери и вработени од Општинските организации и Црвен крст на град Скопје за развој на партнерства и стратешко планирање.
- Обновени се договори за соработка и подготвени се планови за акција со две национални друштва во регионот.
- Воспоставени се партнерски односи на локално ниво на 3 општински организации со ООЦК од национални друштва во регионот.

# КЛИМАТСКА КРИЗА И КРИЗНА СОСТОЈБА ПОВРЗАНА СО НАШАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Контекст**

Кризите поврзани со животната средина ги инкорпорираат аспектите поврзани со климатските промени и деградација на почвата, земјата, водата и другите природни ресурси. Истражувањата укажуваат дека климатските промени може да резултираат со хуманитарни потреби за илјадници луѓе во нашата земја кои имаат потреба од помош во 2022 година.

Луѓето кои најмногу страдаат се - и ќе продолжат да бидат - најсиромашните во светот. Тие се најранливи и најмногу изложени на шокови и стресови. Тие немаат ресурси да се заштитат и често живеат во области каде поплавите, сушите, пожарите и невремињата се најсилни. Климатските ризици доаѓаат се повеќе до израз и како резултат на деградација на животната средина, прекумерната експлоатација на природните ресурси и губење на биодиверзитетот, нееднаквиот развој, непланирана урбанизација, загадувањето, конфликтите и раселувањето, и глобалната пандемија педизвикана од КОВИД-19.

**Фокус**

Намалување на влијанието и последиците од климатски промени и обезбедување поддршка за населението со посебен акцент на нивното влијание врз здравјето на луѓето. Намалување на сегашните и идни хуманитарни влијанија/последици од климатските и еколошките кризи и обезбедување поддршка за луѓето да се прилагодат и справат со климатските промени.

**Резултат 2.1**

Заедниците и волонтерите и вработените на Црвен крст на РСМ преземаат сеопфатни итни активности за адаптирање кон климатските промени.

**Резултат 2.2**

Црвениот крст на РСМ развива и применува соодветни одржливи практики за давање придонес во ублажување на последиците од климатските промени.

**Резултат 2.3**

Обезбеден придонес за намалување на ризици од можни катастрофи како резултат на климатските промени.



## 2022 Целни показатели

- Ризичните категории на население се подобро заштитени од топлотни и ладни бранови во РСМ.
- Подделени се 30.000 флаери и брошури на населението со мерки за превенција и рано препознавање на последиците од топлотни бранови за време на летениот период.
- 33 ООЦК/ЦКГ Скопје спровеле кампањи/активности за подигање на свест/заштита од климатски промени, промена на однесување, намалување на употреба на пластика.
- Спроведени 3 обуки за подготвеност за прва помош во случај на катастрофи за припадници на гранична полиција на РСМ.
- Спроведени 10 едукативни работилници во училишта и градинки во 10 ООЦК за правилна и навремена превенција од топлотни и ладни бранови.

# ЗАЧЕСТЕНОСТ НА КРИЗИ И КАТАСТРОФИ

**Контекст**

Природните катастрофи кои се случуваа во минататите години, предизвикаа сериозно нарушување на функционирањето на заедницата и на општеството во целост со човечки, економски, материјални загуби или влијанија, кои ја надминуваат способноста на загрозената заедница или општество да се справат со употреба на сопствени ресурси. Влијанијата од катастрофите резултираат со загуба на животи, повреди и други негативни ефекти врз човечката физичка, ментална и општествена  состојба, уништување на имот, загуби на услуги, социјални и економски нарушувања и деграција на животната средина.

**Фокус**

Црвениот крст на РСМ во изминатите години интензивно работи на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи, со акцент на здравството во катастрофи. Бројните кризи кои го зафатија нашиот регион како на пример поплави, пожари снежни намети, епидемии, енормно високи температури, мигрантски кризи, пандемијата со КОВИД-19, се само дел од предизвиците со кои се справува Црвениот крст за обезбедување поддршка за погодените заедници. Ќе работиме на зајакнување на капацитетите на организацијата за обезбедување на стокови резерви, надградување на системот за менаџмент со катастрофи, обуки  на волонтерите и вработените лица за подготвеност во случај на катастрофи преку теоретски вежби и организирање на практични симулациски вежби во соработка со субјектите кои се дел од системот за управување со кризи и заштита и самозаштита. Нашиот фокус исто така ќе биде насочен на воспоставување на ефикасен механизам за намалување на ризици од катастрофи, со акцент на образовните институции и пошироката популација. Ќе продолжиме да ја негуваме и унапредуваме соработката со државните субјекти, пред се Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.

**Резултат 3.1**

Подобрен систем на националното друштво, ООЦК/ЦКГ Скопје  за подготвеност, справување и управување со катастрофи преку воспоставување на функционален Центар за подготвеност и одговор при катастрофи со Оперативен центар.

**Резултат 3.2**

Надградени капацитетите на национално ниво за подготвеност и одговор во случај на катастрофи преку обезбедување на стокови резерви на хуманитарна помош.

**Резултат 3.3**

Подигната јавната свест за намалување на ризици на пошироката популација и оброзавните институции за намалување на ризици од катастрофи.

**Резултат 3.4**

Унапредена регионална соработка со Балканските земји на полето на подготвеност и дејствување при катастрофи.

## 2022 Целни показатели

- Воспоставен модел на менаџирање со катастрофите на ниво на ЦКРСМ преку воведување на ефикасни механизми за координација и менаџирање.
- Изградени партнерски релации со одговорните структури на државно и локално ниво, заради воспоставување на ефикасни механизми на координација и менаџирање на катастрофите врз основ на постојната законска регулатива на РСМ.
- Спроведени обуки за заштита и самозаштита во случај на катастрофи за персоналот во образовни институции, ученици/деца и родители/старатели на ученици/деца.
- Организирани симулациски вежби со сите чинители на системот за управување со катастрофи (Брза помош, ЦУК, ДЗС, МВР итн. )

- Подобрени капацитети за дејствување во случај на несреќи и катастрофи во опфатените микрорегиони (обучени лица на локално ниво за проценка на ризици и опасности, користење на ИТ помагала - картографски софтвери за мапирање, ГПС, дата бази и др.
- Унапредена соработка помеѓу локалните институции одговорни за справување со катастрофи, заедничка изработка на база на податоци за ризици, изработка на планови и елаборати за заштита и спасување во образовните институции.
- Подигната јавна свест на населението за заштита и самозаштита во случај на катастрофи и во образовниот систем преку симулациски вежби и предавања.
- Подобрена билатерална соработка со националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина во регионот и пошироко.
- Изработени едукативно промотивни материјали со клучни пораки за намалување на ризици од катастрофи и совети за заштита и самозаштита во случај на катастрофи.
- Донесен Регионален Стандардизиран Правилник за обезбедување на хуманитарна помош.
- Дисеминирана и промовирана алатка "Тим Македонија" за мобилизирање и делување на волонтери во кризни состојби.



# РАСТЕЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНАТА СФЕРА

## ЗДРАВСТВЕНО – ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

**Контекст**

Во нашата земја како и ширум светот пандемијата КОВИД-19 се рефлектираше врз функционирањето на здравствените системи. Поради стравот од заразување со КОВИД-19, одложени се многу посети на лекар со што многу други болести не се навремено откриени и соодветно лекувани. Како резултат на сето ова во последните две години зголемен е ризикот од пораст на хронични заболувања како што се (кардиоваскуларни заболувања, рак, дијабет и сл.) кои оставаат значајни здравствени последици кај населението особено кај граѓаните кои се недоволно информирани за важноста од нивна навремена превенција и рана дијаностика. Најмногу погодени ранливи групи од КОВИД-19 пандемијата се старите лице, лица со хронични заболувања, деца и адолесценти, како и лица кои се директно инволвирани во справување со пандемијата.

**Фокус**

Здравствено превентивните активности кои ќе ги преземе Црвениот крст на РСМ ќе бидат во насока на процена на здравствени ризици предизвикани од кризни состојби со посебен акцент на КОВИД-19 пандемијата како и континуирана едукација на населението и промоција на здрави животни навики со што ќе се овозможи превенција и навремено откривање на хронични заразни и незаразни заболувања. Процесот на заздравување од пандемијата и превенција на заболувања од различен карактер ќе биде холистички, базиран на меѓусекторска соработка на сите нивоа на општеството со што ќе се придонесе во воспоставување на соодветен здравствено-превентивен пристап. Овие активности ќе бидат поддржани од страна на Министерство за здравство, Институтот за јавно здравје, СЗО, УНФПА, Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, АДА, Австриски Црвен крст, УСАИД и други партнери и поддржувачи.

**Резултат 4.1**

Унапредени капацитети на националното друштво преку воспоставување на здравствени сервиси од одржлив карактер.

**Резултат 4.2**

Одржана ниска преваленца на хронични заболувања (кардиоваскуларни заболувања, рак, ХИВ/СИДА, туберкулоза и сл) како и навремено превенирање на здравствени ризици предизвикани од климатските промени преку континуирана едукација на населението и промоција на здрави животни навики.

**Резултат 4.3**

Унапреден здравствен-менаџмент на националното друштво за поддршка на заедницата во кризни состојби со посебен акцент на пандемии и емпидемии.

### 2022 Целни показатели

- Овозможен транспортен сервис на најмалку 100 лица од територија на град Скопје до здравствени установи за неживотно загрозувачки ситуации.
- Претставен иновативен модел за развој на Социјално-Медицински Центар и потенцијални можности за негово воспоставување со помош на национални и интернацинални донатори и банки.
- Спроведени 150 едукативни предавања и работилници за минимум 3000 лица за

рано препознавање и превенција на хронични заразни и незаразни заболувања и превенција на здравствени последици предизвикани од климатските промени.

- Обезбедена поддршка на мобилни гинеколошки амбулантни во спроведување на превентивни прегледи за скрининг на рак на грло на матка на минимум 1000 жени кои живеат во рурални средини.
- Обезбедена поддршка на Министерство за здравство во превенција на ХИВ/СИДА. Дистрибурана стерилна опрема за инјектирање, медицински материјали, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали на 700 лица кои инјектираат дрога на територија на Прилеп, Велес и Кичево.
- Подобрена подготвеност на националното друштво и заедницата за здравствен менаџмент во кризни состојби - спроведена обука за здравствен менаџмент во кризни состојби, обучени 20 волонтери и вработени на Црвен крст на РСМ и спроведени 8 обуки за правилна хигиена со цел превенција на заразни заболувања на 120 деца и наставници од 8 основни училишта.
- Обезбедена административно –логистичка помош, прва помош и психолошка прва помош на населението на КОВИД-19 вакциналните пунктови од страна на 200 волонтери од 33 ООЦК и Црвен крст на град Скопје.
- Подготвен и дисиминиран Стратешки план за здравствено превентивна дејност за 2022-2026 година.



# КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Контекст**

Мотивирањето на населението за доброволно дарување на крв е важно за градење на позитивен однос кон крводарувањето. Крвта како лек е сеуште незаменлива и нејзиното добивање исклучиво зависи од добрата волја на луѓето крводарители. Крвта и крвните компоненти кои се добиени од доброволното крводарување се важен национален ресурс за превенирање на недостаток од крв и задоволување на потребите на службите за трансфузиона медицина за лекување на пациентите ширум државата. Пациентите мора да имаат еднаков пристап до крв, врз основа на нивните клинички и болнички потреби, а сигурноста на пациентите и крводарителите мора да биде на највисоко ниво.

**Фокус**

Нашиот фокус на дејствување ќе биде насочен на унапредување на културата на доброволно крводарителство, изградба на стабилни резерви на крв и крвни компоненти, обезбедување на квалитетна грижа за здравјето и сигурноста на крводарителите и обезбедување на нови партнерства кои ја мобилизираат моќта на хуманоста за доброволно крводарителство.

Целта на унапредување на програмата за крводарителство е да се мобилизираат помалку ризичните целни групи, да се идентификуваат и зачуваат компатибилните фамилијарни дарители и истите да се регрутираат во редовни крводарители. Особено ќе се потенцира значењето на партнерската соработка преку активно учество во крводарителски активности. Со цел да се задржат постојните крводарители, ќе се работи на регрутирање на крводарители, на подобрување на технички и административни капацитети како и подобрување на квалитетот на услуги и унапредување на комуникацијата со партнерите. Крводарителските активности ќе бидат поддржани од Министерството за здравство.

**Резултат 5.1**

Подигната е свеста кај населението и зголемен е степенот на мотивираност за доброволно крводарителство преку мобилизирање, регрутирање и задржување на целните групи.

**Резултат 5.2**

Зајакнати се капацитетите и подобрен е квалитетот на услуги и регрутирани се нови крводарители, подобрени се техничките и административни капацитети, и подобрен е квалитетот на услуги комуникацијата со партнерите.

**Резултат 5.3**

Спроведени се иницијативи на Црвениот крст за обезбедување на подобра информираност на крводарителите преку мобилна апликација за крводарителство и информативно-издавачки материјали.

## 2022 Целни показатели

- Обезбедени се 52.000 единици крв на годишно ниво, преку организирање на 800 крводарителски акции на територијата на Република Северна Македонија, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина.
- Одржани се 5 семинари и работилници за едукација на мотиватори за доброволно крводарителство и обучени се 120 мотиватори.
- Обезбеден е придонес во подобрување на информираноста на населението за доброволно крводарителство преку користење на мобилна апликација и информативно-издавачки материјали.
- Подигната е свеста на околу 5.000 млади лица (средношколци и студенти) преку едукација за доброволно крводарителство и вклучување во процесот на крводарување.


REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# ПРВА ПОМОШ

**Контекст**

Несреќите се настани кои се случуваат неочекувано и ненамерно. Тие најчесто резултираат со повреда или некаква штета и претставуваат дел од секојдневието каде што луѓето најчесто неочекувано се наоѓаат на местото на настанот. Навременото и правилното пружање на прва помош претставува клучен чекор во зачувување на човековото здравје и живот. Првата помош подразбира благовремено преземање на внимателни постапки, мерки и активности со цел да се зачува животот на повредениот, да се заштити од понатамошно повредување, да се намали болката и стравот и да се спречат можните компликации.

**Фокус**

Една од приоритетните заложби на Црвениот крст на РСМ е во континуитет да ја унапредува првата помош како вредна алатка за градење на вистинска култура за превенција од која ќе има бенефит целокупната заедница. Преку Стручниот центар за прва помош на Црвениот крст на РСМ ќе се обезбеди следење на новини и креирање на политики за поставување на квалитетни и научно базирани програми за едукација по прва помош достапни за секого, со цел да се придонесе во превенирање и редуцирање на ризиците во секојдневните несреќи, како и во кризни состојби. Ќе се развиваат нови програми за едукација на различни целни групи население (постари граѓани, лица со попреченост, бремени жени, родители на новороденчиња, бебиситери, и др.) кои ќе се нудат преку одржливи сервиси за подигнување на нивото на знаење и вештини за давање на прва помош. За таа цел ќе се јакнат капацитетите на националното друштво преку градење на стручен тим на инструктори кои ќе ги пренесуваат знаењата и вештините за спроведување на квалитетни обуки по прва помош.

Во текот на годината континуирано ќе се организираат курсеви за кандидати за возачи и прва помош во работни организации. Црвениот крст на РСМ ќе спроведе активности кои ќе бидат насочени кон промовирање на првата помош во сите сегменти од живеењето, со цел да се подигне јавната свест за значењето од навремено пружање на прва помош за спасување на животи. Координативното тело за прва помош на Црвениот крст ќе даде придонес во унапредување и развој на првата помош во насока на воспоставување на одржливи сервиси за едукација на различни целни групи кои ќе се постават во согласност со нормативните акти кои ја регулираат оваа проблематика. Програмските активности ќе бидат поддржани и спроведени во соработка со Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Албански Црвен крст, Австриски Црвен крст, Министерство за здравство, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Воено-медицински центар, Армија на РСМ, медиуми, како и други партнери и поддржувачи.

**Резултат 6.1**

Зајакнати капацитети на населението за давање на прва помош во заедницата и подигната свест за важноста на првата помош и намалување на повреди и смртност од ненавремено пружење на прва помош во заедниците.

**Резултат 6.2**

Зајакнити капацитети на националното друштво од областа на првата помош.

**Резултат 6.3**

Преземање на адвокативни активности за влијание во носење на одлуки за поадекватно регулирање на првата помош.

## 2022 Целни показатели

- Подготвен и дисеминиран Стратешки план за развој на првата помош, 2022 – 2026 година.
- Воспоставен стручен центар за прва помош на Црвен крст на РСМ.
- Подготвени нови програми преку Стручниот центар за прва помош на Црвен крст на РСМ за спроведување на курсеви за прва помош за едукација на постари граѓани, лица со попреченост, бремени жени, родители на новороденчиња, бебиситери.
- Организирани 20 обуки за 200 млади родители и бремени жени со цел да се стекнат вештини и знаења за навремено пружење на првата помош.

- Организирани обуки за прва помош за лица со попреченост, обучени 150 лица.
- Воспоставени сервиси од одржлив карактер за испорака на курсеви за прва помош за различни целни групи на население (постари граѓани, лица со попреченост, бремени жени,  родители на новороденчиња, бебиситери).
- Обучен тим на инструктори за прва помош на Црвениот крст на РСМ кои ќе ги градат своите капацитети за поквалитетно спроведување на  едукации за прва помош.
- Континуирано спроведување на курсеви по прва помош за возачи и работни организации, обучени над 20.000 кандидати за возачи и работни организации.
- Обезбедени насоки за 33 ООЦК/ЦКГ Скопје за спроведување на квартални освежителни курсеви по прва помош за возачи.
- Зајакнати капацитети на заедницата за давање на прва помош  во кризни состојби, одржани 10 обуки по прва помош во основни училишта преку  10 општински организации на Црвен крст, опфатени 110 ученици и 40 наставници.
- Спроведена промоција на првата помош преку национални сервиси, за подигање на јавната свест  за значењето од навремено пружање на прва помош за спасување на животи.
- Организирани обуки за припадници на разни министерства и специјализирани агенции на полето на првата помош.



# ПСИХОЛОШКА ПРВА ПОМОШ – ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

**Контекст**

Колективното ментално здравје и потребата од видлива и пристапна психолошка прва помош во насока на зачувување и зајакнување на истото, се покажа како посебно важна за време на пандемијата предизвикана од коронавирусот, како резултат на здравствените ризици и загуби и социјалните ограничувања. Многу од националните стратегии за заштита од коронавирусот кои беа неопходни за зачувување на колективното јавно здравје ги постави луѓето на глобално ниво во позиција на поголем ризик од потешкотии во однос на менталното здравје. Посветеноста на индивидуалното и колективно менталното здравје е важно не само за активен и квалитетен живот на сите групи на граѓани, туку и за здраво и активно стареење на населението.

**Фокус**

Воспоставување на Центарот за ППП и ПСП ќе овозможи соработка со стручни тела и ќе креира мрежа на реферирање преку која корисниците ќе можат да добијат основни и специјализирани услуги од релевантни институти и стручни лица. Во националниот Центар ќе членуваат лица од различни институции и органи и заедно ќе градат политики за психосоцијална поддршка во нашата земја. Центарот ќе делува во кризни состојби и преку својот тим ќе прави процена на психосоцијалните потреби на терен. Обучените лица ќе може да пружат основна психосоцијална поддршка и да ги поврзат погодените лица со релевантни служби. Центарот ќе функционира на национално ниво и ќе организира обуки и супервизии за волонтери и вработени во Црвениот крст и ќе работи на психо-едукација на волонтери и корисници и општото население со цел да се зајакне резилиентноста. Воспоставувањето на моделот во националното друштво е поддржано во соработка со  Австриски Црвен крст, АДА, Каритас.

**Резултат 7.1**

Зголемена достапност на прва психолошка помош преку воспоставен Центар за ПСП и ППП со долгорочна одржливост.

**Резултат 7.2**

Спроведени иницијативи на Црвениот крст за обезбедување на психосоцијална вклученост на различни целни групи на население.

## 2022 Целни показатели

- Над 10.000 лица се информирани за важноста на менталното здравје кај населението.
- 200 волонтери на Црвен крст на РСМ се обучени за пружање на ПСП и ППП во итни ситуации, проследени со супервизиски сесии.
- 50 лица од заедницата се обучени за прва психолошка помош.
- Воспоставен Центар на Црвен крст на РСМ за ПСП и ППП на различни целни групи на население.
- Обезбедена ППП и ПСП преку отворени 5 телефонски линии за лица со попреченост и стари лица и испорака на директни услуги во заедницата.
- Спроведени врснички едукации, пакет на обуки и психолошка поддршка за граѓански службеници, лобирање за воспоставување на законска рамка за психолошката поддршка за загарантиран пристап кај сите граѓани.
- Креирана методологија за врснички едукации за грижа за ментално здравје кај младите, обучени 15 врснички едукатори и подигната свест на повеќе од 1.000 млади лица од 14 до 18 години преку спроведени над 70 врснички едукации.



# СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

**Контекст**

Сиромаштијата и социјалната исклученост сеуште претставуваат предизвици за дел од населението во земјата. Со висок процент на старо население ниту Република Северна Македонија не заостанува во соочувањето со бројните проблеми врзани за стареењето на населението, како и со предизвици кои произлегуваат од постоечките економски и социјални состојби. Достапноста до ресурси кои ги нудат системите за поддршка во државата претставува предизвик за одредени целни групи на ранливо население во заедниците. Долгорочната невработеност кај лицата кои немаат соодветни квалификации претставува предизвик за нивна конкурентност на пазарот на труд.

**Фокус**

Нашиот фокус на дејствување ќе биде насочен кон намалување на ранливоста на населението преку воспоставување и развој на интегриран пристап до социјални и здравствени услуги во домашни услови, социјално иновативни модели на сервисот Итно копче, како и други услуги во заедницата со цел да се опфати поголем број граѓани. Континуираното јакнење на капацитетите, како и мобилизирање на ресурси во заедниците со поддршка на релевантни институции во опкружувањето ќе придонесе во обезбедување и задоволување на соодветни потреби на ранливото население, добросостојба и намалување на осаменоста, превенција од социјални ризици, како и обезбедување на психо-социјална поддршка на граѓаните соочени со одредени предизвици во нивното живеење. Активностите ќе се спроведат во соработка со Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Австриската агенција за развој, Каритас Австрија, Австриски и Швајцарски Црвен крст, Австриското министерство за социјала, Европската Унија, како и други партнери и поддржувачи.

**Резултат 8.1**

Подобрени услови за живот и социјална вклученост на постари лица и лица со попреченост, преку квалитетни социјални услуги за помош и нега, и лична асистенција во домот и во заедницата.

**Резултат 8.2**

Зголемен е потенцијалот за вработување на долгорочно невработени лица преку зајакнување на нивните професионални и практични вештини во грижата за постари лица и лица со попреченост.

**Резултат 8.3**

Спроведени иницијативи на Црвениот крст за обезбедување придонес во социјална вклученост на различни целни групи на население.

## 2022 Целни показатели

- Подготвен и дисеминиран Стратешки план за социјално – хуманитарни програми 2022 – 2026 година.
- Обезбедени обуки за стекнување професионални знаења за 270 невработени ранливи лица за негуватели на стари лица и лица со попреченост, палијативна нега и алцхајмер, како и 100 лица обучени за лични асистенти на лица со попреченост.
- Едуцирани 36 едукатори за спроведување на програмата за обука за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост.
- Испорачани квалитетни социјални услуги за помош и нега во домот за вкупно 300 стари лица.
- Обезбедена лична асистенција за вкупно 200 лица со попреченост во домот, работното место и во заедницата.
- Дополнително проширување на сервисот за стари лица во домашни услови - Итно Копче со првично опфатени 110 корисници (стари лица и лица со попреченост), од различен социјален статус на територијата на град Скопје преку обезбедување на партнерства и донаторски можности за зголемување на капацитетот на корисници на 150 граѓани.

- 10 микро проекти се поддржани за зголемување на социјалната вклученост и учество на постарите лица и лица со попреченост во локалните заедници.
- Придонес во подобрување на социјализација за над 320 деца и млади со попреченост од дневните центри и деца во згрижувачки семејства.
- Подигната е свеста на над 1000 млади лица преку врсничка едукација за борба против трговија со луѓе.
- 33 ООЦК И ЦКГ Скопје спровеле кампања за борба против сиромаштијата и гладта и мобилизирање на ресурси за помош на ранливо население.
- Промовирање на можности за надоместување на услуги за лична нега во домашни услови по пат на приватно осигурување.



# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИ ПАРТНЕРСТВА И МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

**Контекст:**

Во услови на зголемена потреба од обезбедување поддршка за имплементирање на програмски активности, Црвениот крст на РСМ се залага за изнаоѓање на избалансиран пристап за обезбедување на ресурси од разновидни извори. Со цел за обезбедување на квалитетни услуги на поголем број на ранливо население, и непречено и ефикасно функционирање на националното друштво, неопходно е континуирано преземање интензивни активности за воспоставување на одржливи партнерства.

Соработката со владините институции, граѓанскиот сектор, меѓународните оргнизации и агенции како и соработката со корпоративниот сектор е една од главните приоритети на Црвениот крст на РСМ, која придонесува за партнерско дејствување и преземање на заеднички иницијативи за одговор на предизвици со кои се соочува населението во заедниците.

**Фокус:**

Врз основа на Политиката за мобилизирање на фондови на националното друштво, како и развојните стратешки правци на дејствување, Црвениот крст на РСМ ќе се води во напорите за мобилизирање на ресурси со цел да се обезбеди соодветна поддршка на проекти и иницијативи насочени кон задоволување на потребите на различни целни групи на население. Во таа насока ќе се преземаат активности за воспоставување на долгорочни стратешки партнерства со владини институции, меѓународни организации и агенции.

Црвениот крст на РСМ ќе ја продолжи соработката со корпоративниот сектор и ќе прави напори истата да се зајакне и развие за поддршка на проектни инцијативи од општествен интерес. Посебен акцент ќе се стави на зајакнување на довербата од партнерите во услови на економски предизвици во државата преку промовирање на квалитетни услуги за населението со отчетно, транспарентно и одговорно имплементирање на заеднички инцијативи поткрепени со мерливи индикатори за успешност.

**Резултат 9.1**

Утврдени развојни приоритетни правци на Црвениот крст на РСМ за мобилизирање на фондови од корпоративен сектор.

**Резултат 9.2**

Воспоставена и унапредена соработка со национални и меѓународни партнери за обезбедување поддршка во имплементација на програмски иницијативи на Црвениот крст.



## 2022 Целни показатели

- Подготвен и дисеминиран Стратешки план за мобилизирање на фондови од корпоративен сектор 2022 – 2026 година.
- Промоција на веб апликацијата за донирање на средства за поддршка на програмски активности на Црвениот крст на РСМ.
- Воспоставена и зајакната соработка со компании за поддршка на хуманитарни иницијативи од општествен интерес.
- Подготовка на програма за заедничко дејствување при итни состојби со партнери од корпоративниот сектор.
- Организирање настан за истакнување и оддавање на признанија на партнери за валоризирање на соработката и обезбедената поддршка на Црвениот крст.
- Следење и учество на повици од различни фондови за поддршка на активности во области од интререс за дејствување на националното друштво.



# МИГРАЦИИТЕ КАКО ХУМАНИТАРЕН ИМПЕРАТИВ

**Контекст**

Бројот на мигранти на глобално ниво значително се зголеми од 2000 година и се очекува да продолжи да расте како резултат на конфликти, сиромаштија и недостаток на квалитетни можности за вработување. Климатската криза и загадувањето на човековата средина исто така имаат големо влијание врз миграциите на луѓето во потрага по подобар живот. Тоа доведува до ризици од експлоатација и злоупотреба од страна на трговците со луѓе и други криминални групи, и ограничен пристап до основни услуги и нега. Ризиците се зголемуваат и за лицата без државјанство и за оние кои немаат официјален доказ за идентитет. Новото кризно жариште во Авганистан исто така може да предизвика нов бран на мигранти од тој регион.

**Фокус**

Нашиот фокус во текот на годината ќе биде да осигуриме сите луѓе што мигрираат да бидат безбедни и да се третираат хумано и со достоинство и да се осигури сите луѓе да ја добијат потребната поддршка за да напредуваат во инклузивно општество. Ќе работиме на обезбедување поддршка за промовирање на заштита на мигрантите и барателите на азил со акцент на ранливите групи, жени, деца, лица со посебни потреби.

**Резултат 10.1**

Обезбедена хуманитарна заштита и поддршка на лицата во пограничните региони со посебен осврт на лицата со влошена здравствена состојба преку обезбеден пристап до медицински установи.

**Резултат 10.2**

Спроведена е програмата за интеграција на лицата со регулиран статус во нашата држава преку активности за личен раст и развој на лицата интегрирани во заедницата.




**2022 Целни показатели**

- Обезбедена е хуманитарна помош за 20.000 ирегуларни мигранти и 2.500 лица сместени во транзитните центри.
- Реализирани се активности за успешна интеграција на 12 лица во локалните заедници преку специјално креиран модел во заедничка соработка со локалната самоуправа.

# ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ И ВКЛУЧЕНОСТ, И ПРОМОЦИЈА НА МХП

**Контекст**

Тензиите како резултат на повреда на основните хуманитарни вредности се манифестираат на различни начини на различни места, создавајќи нови поделби во и меѓу земјите, регионите и заедниците. Овие глобални промени доведуваат до исклученост, и помалку хуман и емпатичен свет.

Дисеминацијата како важна стратегиска комуникациска алатка ја промовира работата на Црвениот крст, за историјата и значењето на нашето Движење, за нашите седум основни принципи, за амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина, за помошната улога на Црвениот крст во државата, за поттикнување на хуманитарното образование како пристап на Движењето за промоција на хуманите вредности, мир и толеранција.

Црвениот крст на РСМ посветено ќе работи на промовирање на МХП во државата преку организирање и промовирање активности со различни целни групи, особено пред студентската младина, АРСМ и МВР, и сите одговорни институции кои имаат одредена улога во промовирањето и дисеминирањето на МХП во Република Северна Македонија, пред се парламентот на РСМ и владините министерства.

**Фокус**

Нашето влијание ќе биде насочено на заштита и промовирање на позитивна промена за човештвото, и негување на хуманитарните вредности и нашите основни принципи. Ќе се фокусираме на иницијативи што промовираат вклучување и разновидност во обезбедување можности, застапеност и донесување одлуки, како во рамките на нашата сопствена организација, така и во целото општество. Ќе се залагаме за инклузивност на младите во промовирање и реализирање на иницијативи и проекти кои ќе резултираат со позитивни промени во нашето општествено опкружување.

Црвениот крст континуирано ќе инвестира во промовирање на МХП и обезбедување поддршка на националните власти во хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право за да се обезбеди негова ефективна имплементација и следење на практични мерки и активности и негова дисеминација во различни сегменти на општествениот живот и унапредување на соработката и координацијата меѓу надлежните институции, вклучително и обезбедување оперативна поддршка за функционирање на Националниот Комитет за МХП во Република Северна Македонија. Програмата за дисеминација ќе се имплементира во соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст. Програмата Црвен крст во Акција Промоција на хумани вредности ќе ја имплементира националното друштво преку ООЦК.

**Резултат 11.1**

Подигната свест за значењето на меѓународното хуманитарно право и местото и улогата на Црвениот крст.

**Резултат 11.2**

Волонтери на возраст од 13 до 18 години едуцирани за дисеминација и хумани вредности и оспособени за проценка на потреби и изработка на мали проекти за добробит во нивната заедница.

## 2022 Целни показатели

- Организирана една обука за дисеминатори на ООЦК за промоција на меѓународно хуманитарно право.
- Спроведени дисеминациски обуки за различни целни групи (армија, полиција, образовни институции).
- Ревидирани правила за употреба и заштита на амблем и спроведена кампања со засегнати чинители за промоција на значењето на амблемот на Црвениот крст.
- Едуцирани 800 волонтери од страна на 40 дисеминатори со поддршка на 30 инструктори за спроведување на ЦКА-ПХВ активности на локално ниво.
- Изработени 100 ЦКА-ПХВ проекти за унапредување на добросостојбата во заедниците и обезбедена поддршка за 2.500 луѓе.
- Промовирана култура на различности преку спроведување на ЦКА-ПХВ недела.

# РАЗВОЈНИ ПРИСТАПИ

Црвениот крст на РСМ посебен акцент во своето работење става на промовирање на развојни пристапи кои се директно поврзани со промените утврдени во Стратегија 2030 на Црвен крст на РСМ кон кои стреми националното друштво во претстојниот период. Тие се пред се насочени кон обезбедување на ефикасно и транспарентно работење, промовирање соработка, одговорност и доверба, зајакнување на капацитетите и стратешките партнерства со локални чинители во државата, зајакнување на човечките ресурси и промовирање на вредностите на Црвениот крст, дигитално трансформирање и мобилизирање ресурси за одржливо работење на националното друштво.

# НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО КАКО СИЛЕН И ЕФЕКТИВЕН ЧИНИТЕЛ ВО ДРЖАВАТА

**Контекст**

Националното друштво поминува низ процес на трансформации со цел да се обезбедат сеопфатни мерки за справување со претстојните предизвици и можности за развој. Тоа ќе го реализираме преку усвојување на нови програмски стратегии, имплементација на приоритетни програми и грижа за обезбедување на континуиран квалитет, споделување вештини, знаења, ресурси, инвестирање во специјализирана организациска развојна помош за општинските организации на Црвен крст, и прилагодување кон променливи трендови и контексти. Ќе продолжиме да обезбедуваме поддршка во најпогодените сегменти на општеството преку широко распространетата структура на членови и волонтери, како и можноста за дополнително мобилизирање на ресурси за хуманитарни цели преку ООЦК и Црвен крст на град Скопје.

**Фокус**

Континуирано ќе работиме на промовирање и зацврстување на помошната улога на националното друштво пред властите за подготовка на позитивни законски решенија и договори кои ќе овозможат поефикасно дејствување и унапредување на севкупните активностите на националното друштво. Ќе развиваме механизми кои ќе овозможат безбедно, достапно и правично учество на луѓето и заедниците во сите фази на програмите и операциите во согласност со расположливите капацитети, и ќе обезбедиме нивно учество во процесите на носење на одлуки. Посебен акцент ќе ставиме на надградба на капацитетите на човечките ресурси и развивање на нови привлечни форми за организирање на волонтерска работа и мотивација на волонтерите. Ќе промовираме партнерства за обезбедување на сеопфатна поддршка за различни целни групи и ќе учиме од минатото за да имаме поуспешна иднина.

**Резултат 12.1**

Зајакната помошна улога на националното друштво како почитуван и признат непристрасен хуманитарен чинител во државата кој ги промовира принципите, вредностите и политиките на Движењето за да се обезбеди сеопфатен хуманитарен одговор на потребите на населението.

**2022 Целни показатели**

- Одржани работни средби со национални институции за промовирање на помошната улога на националното друштво во државата и местото и улогата на Црвениот крст на РСМ во општественото опкружување.
- Прилагодена нормативна рамка во националното друштво согласно со позитивна законска рамка.

# ДОВЕРБА И ОДГОВОРНОСТ

**Фокус**

Посветени сме на градење доверба пред луѓето и заедниците на кои им служиме, нашите донатори, партнери и јавноста и во рамки на нашето Движење. Континуирано инвестираме во зајакнување на нашата транспарентност, системите за поддршка и зајакнување на интегритетот и во градењето на нашата отвореност за слушање, вклучување и дејствување, прифаќање на култура на етичка пракса и воспоставување на лична и институционална одговорност.

**Резултат 13.1**

Црвениот крст на РСМ ќе користи иновативни и трансформациски пристапи за зајакнување на довербата, транспарентноста и отчетноста и запазување на интегритетот на организацијата.



## 2022 Целни показатели

- Подготвени годишна програма и извештај на централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ, Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст.
- Подготвени и споделени проектни и програмски извештаи до донатори на програми и проекти на Црвен крст на РСМ.
- Унапреден систем за мониторинг и евалуација преку спроведена годишна евлауција на работата на ООЦК/ЦКГ Скопје.

# ИНСПИРИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРСТВО И ЧЛЕНСТВО

**Контекст**

Волонтирањето и мобилизирањето членови и волонтери во Црвениот крст се клучни за обезбедување поинклузивно општество во кое претставниците на заедниците придонесуваат да се воспостави поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Промовирањето и проширувањето на волонтерската база и членство се важен предуслов за обезбедување волонтерски услуги на Црвениот крст со цел да дадеме позитивен придонес во општественото опкружување особено при кризни состојби.

**Фокус**

Посветено ќе работиме на мотивирање на доброволното волонтирање во организацијата на Црвен крст на РСМ преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Се заложуваме да ги зајакнеме нашите пристапи за волонтерско управување, овозможувајќи партиципативен модел за работа и ефикасна поддршка за нашите волонтери и одавање признание за ангажманот и работата на волонтерите. Посебно внимание ќе посветиме на обезбедување безбедност и заштита на волонтерите, особено на оние кои работат во услови на кризна состојба. Ќе инвестираме во обезбедување на разновидност во нашата волонтерска база и можностите што им се достапни на сите волонтери. Посебно внимание ќе посветиме на намалување на бариерите за волонтирање и ќе овозможиме поголем волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу-генерациска соработка и вклученост на лицата со посебни потреби, и други маргинализирани лица, кои можеби не биле во можност порано да се вклучат во Црвениот крст. Инвестираме во промени каде волонтерите ќе можат да обезбедуваат поддршка, знаење и ресурси и влијание онака како што тие сакаат да ги видат во светот со цел да бидат и понатаму дел од нашето Движење.

**Резултат 14.1**

Воспоставени организациски стандарди за менаџирање на волонтери и оспособени волонтери за обезбедување волонтерски услуги во заедниците.

**Резултат 14.2**

Инспирирани и мобилизирани волонтери за градење поинклузивно општествено опкружување преку волонтерски програми кои ја рефлектираат разновидноста на заедниците.

**Резултат 14.3**

Воспоставен нов Модел за членување во Црвен крст на РСМ и адаптирана нормативна рамка на националното друштво за усогласување на новиот Модел за членување.

## 2022 Целни показатели

- Дисеминирана Стратегија за волонтерство 2022-2026 на локално ниво.
- Надградени знаења за ориентирање на 50 ориентери на Црвен крст на РСМ и обезбедена поддршка за активности на ориентери во 33 ООЦК.
- Спроведена обука за волонтерски менаџмент за 33 лица од ООЦК и ЦКГ Скопје.
- Обезбедени 20.000 членови на локално ниво.
- Општинските организации на Црвен крст имаат воспоставено механизми за обезбедување безбедност и заштита и одавање признание за ангажманот и работата на волонтерите.
- Одбележан Светскиот ден на волонтерството 5-ти декември и доделени признанија на поединци и форми за организирање на волонтерска работа кои оствариле најдобри резултати во 2022 година.
- Надградено софтверско решение за волонтери и членови во Црвен крст на РСМ.
- Споделени искуства, знаења и инцијативи преку Европската мрежа за развој на волонтерството на Црвен крст/Црвена полумесечина (ENDOV).
- Спроведено истражување за развој на волонтерството во Црвен крст на РСМ.
- Подготвен и дисеминиран нов Модел за членување во Црвен крст на РСМ пропратен со соодветна нормативна рамка на националното друштво.


КРАЈ
Дали во една држава
може да има две
национални друштва?

# ЕФЕКТИВНА ФУНКЦИОНАЛНА МРЕЖА

**Контекст**

Црвениот крст на РСМ преку својата структура овозможува имплементација на активности кон целните групи во заедниците, и учество на локални претставници во раководењето на организацијата, носењето на одлуки и дефинирањето на политики. Различните состојби во работата на локално ниво во однос на планирањето на програми, поставувањето на приоритети и определување на целни групи, начинот на организирање на работата и менаџментот со човечките ресурси, се производ на природата на опкружувањето и можностите на територијата на која дејствуваат, но исто така и на капацитетите, амбициите и мотивацијата на постојните структури. Оттука се јавува и потребата од индивидуален пристап за унапредување на оперативноста, функционалноста и ефективноста на сите организациони нивоа, континуирана надградба на човечките ресурси, градење на финансиска стабилност и имплементација на одржливи услуги за населението.

**Фокус**

Институционален развој преку зајакнување на структурата и капацитетите за испорака на услуги, менаџмент и квалитетно раководење. Поддршка во развојот на општинските организации со примена на алатки за анализа на состојби, препознавање на предизвици и утврдување на локални развојни приоритети. Зајакнување на младинското работење, и воведување на иновативни програми и содржини согласно младинските трендови.

Спроведување на навремен и успешен изборен процес на претставници во органите и телата на раководење.

**Резултат 15.1**

Позитивни развојни промени во националното друштво преку воспоставување на силна раководна структура на локално и национално ниво.

**Резултат 15.2**

Спроведени се анализи и преземени се активности за интензивен развој на ООЦК преку примена на менторски пристап во 8 нови ООЦК и имплементирани унифицирани алатки за развој на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина во 5 ООЦК.

**Резултат 15.3**

Унапредена мрежа на Клубовите на млади на територијата на РСМ кои испорачуваат квалитетни услуги за заедницата а воедно се активни чинители во поттикнување на локален и национален младински активизам.

## 2022 Целни показатели

- Успешно спроведен изборен процес за мандатен период 2022-2026 во 33 општински организации на Црвен крст, Црвен крст на град Скопје и Црвен крст на РСМ.
- Одржана ориентациска обука за новоизбрана раководна структура на ООЦК/ЦКГ Скопје.
- Зајакнати капацитети на ООЦК за работа и функционирање на основни организации на Црвен крст.
- Пилотирана е имплементација на БОКА алатка на Меѓународна федерација на Црвен крст на РСМ во 4 општински организации.
- Спроведен е процес на утврдување на локални развојни стратегии во Општинските организации на Црвен крст.
- Континуирана едукација и поддршка на младите од 33 Клубови на млади на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.
- Редовни работни средби за размена на искуства и унапредување на заедничкото работење на претставниците на раководните тела.

# ДИГИТАЛНО ТРАНСФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ

Дигиталната трансформација се препознава како значајна компонента во развој на Националното друштво на Црвен крст на Република Северна Македонија. Согласно Стратегијата 2030 и Стратегијата за дигитална трансформација на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина во наредната декада дигиталната трансформација треба да претставува еден од клучните фокуси во работата на Националните друштва а која ќе допринесе за поголема вклученост на заедницата во работата на организацијата, оптимизација на процесите и трансформација на хуманитарните сервиси и услуги.

Таа претставува комплексен процес кој опфаќа неколку фази на имплементација. Првата фаза опфаќа спремност на Националното друштво да преземе активности за отпочнување на процесот преку анализа на актуелните состојби во поглед на човечки ресурси, информатички технологии и хуманитарните сервиси и услуги кои може бидат дел од овој процес. Во втората фаза, а врз основа на утврдените состојби, треба да се подготви политика за дигитализација и дигитална трансформација која ќе ги постави постулатите и насоката во која ќе се развива Националното друштво. Мобилизирањето на потребните човечки и финансиски средства и операционализација на политиката се предвидени во третата фаза. Дигиталната трансформација претставува континуиран процес кој штом дојде до третата фаза тој постојано се развива и унапредува согласно актуелните потреби и трендови.



## 2022 Целни показатели

- Спроведена анализа за актуелните состојби во поглед на човечки ресурси, информатички технологии и хуманитарните сервиси и услуги за отпочнување на процесот на дигитална трансформација.
- Креирана политика за дигитализација и дигитална трансформација на Црвен крст на Република Северна Македонија.
- Усвоена и дисеминирана комуникациска стратегија во 33 ООЦК и ЦКГ Скопје.
- Обезбедени информации за волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите реализирани на локално, национално и меѓународно ниво преку издавање на 100 изданија на е-весникот "Инфо".
- Публикувани и испечатени промотивни материјали, стратешки документи, публикации и поштенски доплатни марки дефинирани со Законот за Црвениот крст и програмски и проектни активности во рамки на издавачката дејност на националното друштво.
- Обезбедена сеопфатна заштитата на податоци и безбедност на информации во 33 ООЦК и ЦКГ Скопје.
- Креирана платформа за електронско учење за јакнење на вештините и подгинување на свеста која волонтерите, вработените и општата популација на теми поврзани со работењето на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

# ФИНАНСИРАЊЕ

**Контекст**

Свесни сме дека заради сложеноста и обемот на хуманитарните и развојните предизвици ќе биде потребно воспоставување нови партнерства, алтернативни извори на капитал и финансирање за реализирање на целите на организацијата. Ќе продолжиме да инвестираме во создавање стратегија за инвестирање и поддршка преку пристапи за мобилизација и финансирање и зајакнато финансиско и програмско управување и одговорност. Тоа ќе го оствариме преку разновидност на нашите партнерства и прибирање финансиски средства преку иновативни деловни модели и нови финансиски механизми. Од друга страна ќе работиме на редовен финасиски мониторинг и евалуација за да овозможиме усогласеност со нормите и процедурите, точност на финансиските податоци и практики и ефикасноста, економичноста и ефективноста на трошењето на финансиските средства од страна на ООЦК/ЦКГ Скопје.

**Фокус**

Ќе развивање нови алатки за подобрување на финансиската стабилност преку проектно работење и мобилизирање на средства и воспоставување на ефикасен, одржлив систем за мобилизирање на фондови на национално и локално ниво.

Ќе работиме на подобрување на финанисиската отчетност на национално и локално ниво за да обезбедиме информации за можностите за подобрување на имплементацијата на програмите и проектите на организацијата и ефективно финансиско работење на локално ниво. Тоа ќе ни овозможи организациско учење и споделување на знаења преку навраќање и споделување на искуства и лекции во однос на успешноста во финансиското работење.

Преку отчетноста за потрошените финансиски средства ќе имаме јасен увид дали нашата работа е спроведена онака како што е планирано и дали е во согласност со воспоставените материјално финансиски стандарди на организацијата и утврдените критериуми на донаторите и поддржувачите кои обезбедуваат поддршка за нашите програми и проекти за да овозможиме подобра перцепција за нашата работа, отвореност кон критики, и желба да научиме од искуствата и да се адаптираме согласно со променливите потреби.

**Резултат 16.1**

Унапредена финансиска отчетност и мобилизирани финансиски средства за ефективно спроведување на проектите и програмите на националното друштво.

## 2022 Целни показатели

- Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ добива позитивно мислење од три надворешни ревизии за проекти спроведени со финансиска поддршка на партнерски организации и севкупното работењето на Црвен крст на РСМ.
- Сите општински организации на Црвен крст / Црвен крст на град Скопје имаат поднесено годишен финансиски извештај до Црвен крст на РСМ.
- Спроведен е мониторинг и евалуација на финансиското работење на 15 ООЦК.
- Спроведена работилница со претставници на ООЦК и ЦКГС за финансиски менаџмент на реализираните приходи и расходи.
- Националното друштво има мобилизирано 154,527,842.00 денари за имплементација на проектните и програмски активности.

# ПАНЕЛ ДИСКУСИИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Во текот на 2022 година Црвениот крст на РСМ планира серија на панел дискусии со цел да се иницира дискусија и размена на стручни гледишта на еминентни експерти  и мисловни лидери во повеќе области  кои ја засегаат работата на Црвениот крст за да се поттикне интеракција и нови иницијативи за подигање на јавната свест за значењето на мисијата на Црвениот крст во Република Северна Македонија и подобро претставување на улогата, задачите и сервисите на Црвениот крст како помошник на властите и лидер во хуманитарното делување во државата.

Преку споделување факти или лични искуства, панелистите од различни сфери на општествено делување ќе имаат можност да презентираат свои мислења и ставови поврзани со работата на Црвениот крст и ќе понудат одговори на прашања од публиката кои очекуваме дека ќе иницираат нови модалитети и иницијативи за подобро позиционирање на Црвениот крст во општествени рамки и обезбедување на сеопфатни услуги поддржани од државните институции и партнерски организации од земјата и странство. Панел дискусиите се предвидени да се одржат во периодот март/мај и септември/ноември 2022 година на следниве теми:

**1. Панел дискусија –** Значењето на хуманитарните аспекти во Меѓународното хуманитарно право

**2. Панел дискусија -** Улогата на Црвениот крст како помагател на властите во справувањето со хуманитарни предизвици во државата

**3. Панел дискусија -** Значењето на волонтерската работа како општествена вредност

**4. Панел дискусија -** Развој на одржливи социјални услуги за поддршка на различни целни групи на население

**5. Панел дискусија -** Улогата на Црвениот крст во справување со современите здравствени предизвици

**6. Панел дискусија -** Младите како афирматори на вредностите на Црвениот крст



# БУЏЕТ

Црвениот крст на Република Северна Македонија во својот буџет јасно ги прикажува годишните приходи и расходи, кои овозможуваат конструирање на начинот на финансирање на организацијата и можноста за спроведување на одредена активност, стратегија и план.

Вкупниот Буџет за 2022 година е зголемен за 18,55% во однос на буџетот од 2021 година. Зголемувањето се должи како резултат на обезбедени средства преку проекти од странски донатори, приходи од услуги за лична асистенција на лица со попреченост и нега на стари лица и лица со попреченост во домашни услови, зголемените приходи од програмата за унапредување на крводарителство, поддршката на Владата на РСМ за обезбедување на стокови резерви, како и зголемените приходи со отпочнување на имплементација на измена и дополнување на Законот за безбедност во сообраќај на патиштата.

Од вкупните приходи, планираните сопствени приходи оваа година учествуваат со 28,14% и во номинален износ се незначително намалени во однос на минатата година а приходите од органи и донатори учестуваат со 71,86% и бележат зголемување во номинален износ во однос на минатата година кога истите учествуваа со 61,76%.

Во делот на расходите, капиталните расходи учествуваат со 1,96%, тековните расходи изнесуваат 87,56% а расходите за донација и помош изнесуваат 10,48% од вкупните расходи. Оваа година политиката на организацијата е насочена кон развој на општинските организации на Црвен крст преку фондови за развој, видливост и итен одговор на катастрофи кои се наменети за општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје. Исто така важно е да се напомене дека од вкупните трошоци на централата, 42,09% се директни трансфери во ООЦК за реализација на програмските активности а во номинален износ се приближно еднакви во однос на минатата 2021 година како резултат на трансфери на средства од обезбедени проекти од странски донатори. Од вкупниот буџет на централната канцеларија на ЦКРСМ, 82,85% се наменети за поддршка на ООЦК и ЦКГС.

Како трошок на централата на Црвен крст на РСМ се опфатени трошоците за плата на вработените, материјалните трошоци, како и трошоците за тековно одржување. Во делот на трошоци наменети за ООЦК/ЦКГ Скопје опфатени се трошоци за проекти обезбедени од донатори или за програми обезбедени од институции.

Црвен крст на РСМ преку следење на модерните текови за осовременување и усовршување на материјално - финансиско работење, овозможува транспарнтност и отчетност во работењето, автоматска обработка на податоци, брз проток на информации и финансиски показатели, точна и сеопфатна база на финансиски податоци и зголемување на капацитетите на национално друштво во целост.

Буџетот на Црвен крст на РСМ е реален, сеопфатен, структуриран, прецизен и избалансиран а планираните средства во Буџетот за 2022 година, Црвен крст на РСМ ќе ги користи наменски, рационално и економично, со потполна транспарентност и отчетност.

# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

| | % | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **100.00** | **154,527,842.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** |
| Сопствени извори | 29.07 | 44,913,800.00 | 47,504,800.00 | 34,213,800.00 |
| Од органи и донатори | 70.93 | 109,614,042.00 | 76,734,357.00 | 70,083,740.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **100.00** | **154,527,842.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** |
| Тековни расходи | 87.56 | 135,307,342.00 | 114,500,457.00 | 101,909,340.00 |
| Капитални расходи | 1.96 | 3,033,700.00 | 4,476,400.00 | 1,336,400.00 |
| Помош и донации | 10.48 | 16,186,800.00 | 5,262,300.00 | 1,051,800.00 |
| **РАЗЛИКА** | | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

## П Р И Х О Д И

| ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2022 | Буџет 2021 | Буџет 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | |
| Министерство за труд и социјална политика - програмски активности | 9.075,000.00 | | 9.075,000.00 | 9.075,000.00 | 9,075,000.00 |
| Влада на Република Северна Македонија (за стокови резерви) | | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | | |
| Крводарителство (Министерство за Здравство) | | 11,000,000.00 | 11,000,000.00 | 8,000,000.00 | 8,500,000.00 |
| Социјално - хуманитарни програми | 5,200,00.00 | 18,437,949.00 | 23,637,949.00 | 5,300,00.00 | 2,623,000.00 |
| Организација и развој | 200,000.00 | 100,000.00 | 300,000.00 | 200,000.00 | 400,000.00 |
| Прва помош | 8,500,000.00 | 505,000.00 | 9,005,000.00 | 5.500,000.00 | 3.800,000.00 |
| Здравствено - превентивни програми | | 11,309,308.00 | 11,309,308.00 | 4,012,794.00 | 0.00 |
| Млади | | 132,000.00 | 132,000.00 | 450,000.00 | 210,000.00 |
| Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | 50,000.00 | 2,154,585.00 | 2,204,585.00 | 11,229,254.00 | 1,696,640.00 |
| Дисеминација | | 156,000.00 | 156,000.00 | 152,400.00 | 0.00 |
| ЦК во акција - ПХВ | | 594,000.00 | 594,000.00 | 0.00 | 300,000.00 |
| Односи со јавност | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Воспоставување на семејни врски | | 775,200.00 | 775,200.00 | 589,909.00 | 1,905,500.00 |
| Меѓународна соработка | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Мобилизирање на фондови | 1.100,000.00 | | 1.100,000.00 | 3,690,000.00 | 0.00 |
| Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | 0.00 | 507,600.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | 250,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 | 400,000.00 |
| **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | 1,770,000.00 | 1,770,000.00 |
| Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 140,000.00 |
| Донација од правни лица | 600,000.00 | | 600,000.00 | 600,000.00 | 600,000.00 |
| Доплатна марки ( од законот на ЦК ) | 50,000.00 | | 50,000.00 | 100,000.00 | 400,000.00 |
| Од закупнина на деловен простор | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 1,918,800.00 | 1,918,800.00 |
| Од регистрација возила | 10,800,000.00 | 49,200,000.00 | 60,000,000.00 | 60,000,000.00 | 60,000,000.00 |
| Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 100,000.00 |
| Пренесени средства од минатата година | 5,400,000.00 | | 5,400,000.00 | 5,400,000.00 | 4,200,000.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **44,913,800.00** | **109,614,042.00** | **154,527,842.00** | **118,488,157.00** | **98,546,540.00** |

| ОПИС | Сопствени извори /донатори | Приходи од органи | Буџет 2022 | Буџет 2021 | Буџет 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | |
| Бруто плата на вработени | 12,654,924.00 | 5,430,036.00 | 18,084,960.00 | 16,642,800.00 | 14,472,000.00 |
| Надомест за годишен одмор | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Други надоместоци | 60,000.00 | | 60,000.00 | 60,000.00 | 40,000.00 |
| **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | | | |
| Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 30,000.00 | | 30,000.00 | 30,000.00 | 30,000.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | **12,744,924.00** | **5,430,036.00** | **18,174,960.00** | **16,732,800.00** | **14,542,000.00** |
| **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| Патување во странство | 370,000.00 | | 370,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| Електрична енергија | 400,000.00 | 849,000.00 | 1,249,000.00 | 660,000.00 | 660,000.00 |
| Водовод и канализација | 48,000.00 | | 48,000.00 | 48,000.00 | 60,000.00 |
| Ѓубретарина | 90,000.00 | | 90,000.00 | 90,000.00 | 90,000.00 |
| **ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | | | |
| Централно греење | 480,000.00 | | 480,000.00 | 480,000.00 | 480,000.00 |
| **КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | | | |
| Пошта | 100,000.00 | | 100,000.00 | 30,000.00 | 30,000.00 |
| Телефон и телефакс | 470,000.00 | 360,000.00 | 830,000.00 | 780,000.00 | 720,000.00 |
| Дневници во земјата и во странство | 70,000.00 | 123,000.00 | 193,000.00 | 50,000.00 | 100,000.00 |
| Гориво | 700,000.00 | 300,000.00 | 1.000,000.00 | 300,000.00 | 360,000.00 |
| Трошоци за регистрација возила | 435,000.00 | | 435,000.00 | 435,000.00 | 435,000.00 |
| Други расходи за транспорт(патарина,миење коли, лепење гуми) | 114,000.00 | | 114,000.00 | 84,000.00 | 84,000.00 |
| **МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 280,000.00 | 228,500.00 | 508,500.00 | 220,000.00 | 220,000.00 |
| Претплата за списанија и стручна литература | 46,000.00 | | 46,000.00 | 46,000.00 | 46,000.00 |
| Ленти, касети и друго за АОП | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Копирање,печатење и издавање материјали | 2,530,000.00 | 1,878,000.00 | 4,408,000.00 | 2,771,000.00 | 2,395,000.00 |
| Организација и развој | 390,000.00 | | 390,000.00 | 200,000.00 | 200,000.00 |
| Информирање и комуникација | 70,000.00 | | 70,000.00 | 170,000.00 | 150,000.00 |
| Дисеминација | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Здравствено-превентивни програми | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Прва помош | 830,000.00 | | 830,000.00 | 280,000.00 | 280,000.00 |
| Меѓународна соработка | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Крводарителство | | 1,448,000.00 | 1,448,000.00 | 1,025,000.00 | 1,025,000.00 |
| Социјално - хуманитарни програми | 100,000.00 | 430,000.00 | 530,000.00 | 456,000.00 | 100,000.00 |
| Воспоставување на семејни врски | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Мобилизирање на фондови | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 590,000.00 | | 590,000.00 | 590,000.00 | 590,000.00 |
| Подготвеност и одговор при катастрофи | 50,000.00 | | 50,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| ЦКА-ПХВ | 150,000.00 | | 150,000.00 | | |
| Млади | 100,000.00 | | 100,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | 200,000.00 | | 200,000.00 | | |
| Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 250,000.00 | | 250,000.00 | 168,000.00 | 173,000.00 |
| Материјали за противпожарна заштита | 20,000.00 | | 20,000.00 | 20,000.00 | 20,000.00 |
| Материјали со специјална намена (медицински материјали, електро материјали) | 160,000.00 | 1,875,999.00 | 2,035,999.00 | 602,000.00 | 603,528.00 |
| Други материјали | 450,000.00 | | 450,000.00 | 450,000.00 | 450,000.00 |
| **ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| Поправка и одржување коли | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| Трошоци за одржување опрема | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за одржување зграда | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Одржување на софтвер и хардвер | 660,000.00 | 312,000.00 | 972,000.00 | 516,000.00 | 516,000.00 |
| **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| Адвокатски услуги | 120,000.00 | | 120,000.00 | 120,000.00 | 120,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Семинари и состаноци | 7,785,000.00 | 16,241,406.00 | 24,026,406.00 | 14,464,462.00 | 9,366,650.00 |
| Организација и развој | 110,000.00 | 250,000.00 | 360,000.00 | 367,000.00 | 20,000.00 |
| Информирање и комуникација | 25,000.00 | | 25,000.00 | 25,000.00 | 30,000.00 |
| Дисеминација | 3,000.00 | | 3,000.00 | 3,000.00 | 0.00 |
| ЦКА - ПХВ | | 470,000.00 | 470,000.00 | 0.00 | 150,000.00 |
| Здравствено - превентивни програми | 50,000.00 | 9,146,926.00 | 9,196.926.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| Прва помош | 1,080,000.00 | 505,000.00 | 1,585,000.00 | 410,000.00 | 410,000.00 |
| Крводарителство | | 440,000.00 | 440,000.00 | 375,000.00 | 375,000.00 |
| Социјално - хуманитарни програми | 3,125,000.00 | 3,966,380.00 | 7,091,380.00 | 5,745,000.00 | 3,434,000.00 |
| Воспоставување на семејни врски | 10,000.00 | 131,100.00 | 141,100.00 | 113,567.00 | 741,250.00 |
| Мобилизирање на фондови | 390,000.00 | 600,000.00 | 990,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Млади | 50,000.00 | | 50,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | 594,000.00 | 600,000.00 | 1,194,000.00 | 4,383,195.00 | 1,100,800.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 780,000.00 | | 780,000.00 | 100,000.00 | 500,000.00 |
| Седници и работење на Раководен Одбор | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Собрание на ЦКРСМ | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Состанок со секретарите / претседатели | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Државен натпревар по прва помош | 500,000.00 | | 500,000.00 | 350,000.00 | 350,000.00 |
| Совет на млади/ Координативно тело/ Академија за млади /Програма за зајакнување на капацитети на млади | 650,000.00 | | 650,000.00 | 178,100.00 | 147,000.00 |
| Младински камп / Европски координативен состанок | 118,000.00 | 132,000.00 | 250,000.00 | 150,000.00 | 150,000.00 |
| Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | 507,600.00 | 507,600.00 |
| Семинари и состаноци | | | 0.00 | 1,407,000.00 | 1,101,000.00 |
| Банкарска провизија | 80,000.00 | | 80,000.00 | 80,000.00 | 80,000.00 |
| Осигурување на имот и обезбедување на објекти | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| Други финансиски услуги (договори за повремени и привремено ангажирање) | 3,367,764.00 | 3,911,104.00 | 7,278,868.00 | 4,564,813.00 | 2,234,162.00 |
| Други договорени услуги (царина,работници за пакување хум.помош),судки решенија,кирија | 50,000.00 | 369,000.00 | 419,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| Надворешна ревизија | 100,000.00 | 120,000.00 | 220,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Членарина во меѓународни организации | 206,000.00 | | 206,000.00 | 206,000.00 | 206,000.00 |
| **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| Обезбедување на фондови | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 30,000.00 | 50,000.00 | 80,000.00 | 50,000.00 | 350,000.00 |
| **ТРАНСФЕРИ ДО ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЦКГС** | | | | | |
| Трансфери до ООЦК | | 65,045,609.00 | 65,045,609.00 | 65,215.382.00 | 62,251,000.00 |
| 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема | 297,000.00 | | 297,000.00 | | |
| Фонд за итен одговор на катастрофи | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | | |
| Фонд за развој и проекти | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 2,613,000.00 | 2,613,000.00 |
| Фонд за видливост | 1,404,000.00 | | 1,404,000.00 | 1,404,000.00 | 1,404,000.00 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **38,213,688.00** | **97,093,654.00** | **135,307,342.00** | **114,500,457.00** | **101,909,340.00** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | | | | | |
| Купување канцелариски мебел | 200,000.00 | | 200,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Купување на опрема (Централна канцеларија и Опративен центар) | 200,000.00 | 233,700.00 | 433,700.00 | 686,400.00 | 686,400.00 |
| **КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА** | | | | | |
| Купување автомобил | | | 0.00 | 3,690,000.00 | 600,000.00 |
| **ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| Капитални инвестиции во ООЦК | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Подршка за развој на ООЦК | 200,000.00 | | 200.000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 2.200,000.00 | | 200,000.00 | 100.000.00 | 50.000.00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.800,000.00** | **233,700.00** | **3,033,700.00** | **4,476,400.00** | **1,336,400.00** |
| **ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | | | | | |
| Помош, донации и други давања на субјекти во натура | 1,186,800.00 | | 1,186,800.00 | 1,186,800.00 | 1,051,800.00 |
| Помош, донации и други давања на субјекти во пари | | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | 4,075,500.00 | |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ, ПОМОШ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **1,186,800.00** | **15,000,000.00** | **16,186,800.00** | **5,262,300.00** | **1,051,800.00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **42,200,488.00** | **112,327,354.00** | **154,527,842.00** | **124,239,157.00** | **104,297,540.00** |

| | | |
|---|---|---|
| Тошоци за Централата на ЦКРСМ | 26,498,488.00 | 17.15 |
| Трошоци за ООЦК | 128,029,354.00 | 82.85 |
| **ВКУПНО** | **154,527,842.00** | **100** |

| | | |
|---|---|---|
| Тошоци во Централата на ЦКРСМ | 38,000,288.00 | 24.59 |
| Трошоци за ООЦК | 116,527,554.00 | 75.41 |
| **ВКУПНО** | **154,527,842.00** | **100.00** |

Служба за финансии и ревизија
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
д-р Саит Саити

## ПРИХОДИ ВО 2022







## РАСХОДИ ВО 2022




## СТРУКТУРА НА РАСХОДИ НА ЦКРСМ



www.redcross.org.mk